


# Создадете ја вашата рајска градина.

# Прирачник за лесно правење на компост (ѓубре)

## 4 лесни чекори за правење на одличен компост (ѓубре)

### 1 Изберете го местото

Идеалното место за компост добро се исцедува и е во добра сенка во лето.

### 2 Какви работи можете да користите за да направите компост

Компост е мешавина од различни материјали:

- отпадоци од природна храна богата со азот, на пример, лушпи од овошје и зеленчук, и природни зелени отпадоци од градината, на пример, свежи отпадоци кога ја косите тревата, зелени лисја и плевел и шталско ѓубре



- кафеави природни отпадоци од градината кои имаат малку азот, на пример, суви лисја, дрвени гранчиња, хартија и сено
- влага - сувите материјали не ќе можат да направат компост




Ако додадете малку земја или готов компост, со тоа ќе овозможите да влезат микроорганизми кои ги преработуваат нашите отпадоци и ги претвараат во богат компост кој наликува на почва.

**Практични совети:**

- Во кујната чувајте кофа која херметички се затвора со капак и во неа собирајте отпадоци од храна.
- Користете ја косилката за трева за да ги исецкате крупните отпадоци кога кастрите во градината.



Користењето на компост е природно и евтино.

Тоа е одлично за почвата и градината

### Што можете да користите за компост

Се што порано било растение или животно може да се користи за компост, вклучувајќи - лушпи од овошје и зеленчук, весници, отпадоци кои остануваат при косење на тревата, плевел, листови од чај, талог од кафе, лушпи од јајца, стара смеса за пресадување, цвеќиња, исушени цвеќиња, човечки и животински влакна/коса.

**Совет:** Избегнувајте да ставате месо и млечни производи во компостот се додека не станете посигурни и поискусни.

### 3 Редење во слоеви

За да направите компост, почнете со дебел слој (15 сантиметри) од мали гранчиња или грубо исецкана прекривка (од лисја, слама и гној) на дното за да може добро да се исцедува. После тоа, следете ја едноставната формула А, Б, В, за да направите куп слоеви, еден врз друг.

**А.** Тенок слој од отпадоци од природна храна и зелени природни отпадоци од градина.

**Б.** Покријте ги со слој од кафеави природни отпадоци од градина, при што треба да водите сметка отпадоците од храна да се покриени.

**В.** Навлажнете ја смесата добро. После тоа, повторувајте ги чекорите А, Б, В.



### 4 Како да го одржувате компостот

Важно е компостот да има воздух за да не мириса. Ова можете да го направите ако повремено го превртувате со градинарска вила, или ако ставите градинарски колци или цевки низ купчето за да овозможите да влегува воздух.

**Практичен совет:** Не дозволувајте компостот премногу да се накваси, покријте го купчето - тоа треба да биде само влажно, не мокро. Ако купчето е мокро или накиснато, ставете повеќе суви и кафеави природни отпадоци од градината низ него, или превртете го.

**Практичен совет:** Ако ставите малку земја или готов компост над остатоците од храна, со тоа ќе добиете побогат компост и ќе помогнете миризбата да се намали на минимум.

**За луѓето** кои живеат во станови или мали згради, фармите на црви претставуваат одлична замена.



## За само 8 недели вашиот компост треба да биде спремен за употреба!

## Како да го користите компостот



Користете просеан компост за мешавина за пресадување и мешавина за пуштање семе (дрвените остатоци може да се користат за правење прекривка или за повторно правење на компост).



Поттикнете здраво растење на растенијата со тоа што ќе ставите прекривка од компост околу дрвата (да не го допира стеблото).

← **Линија на цедење**

Компостот може да се става на локалните растенија двапати во годината и просеаниот компост може да се користи како површинско ѓубре на тревници.



Имате проблеми со компостот? Свртете на другата страница каде што се наоѓа Прирачникот за лесно решавање проблеми во врска со компост!

# Прирачник за лесно решавање на проблеми во врска со компост!

Правењето компост е исто како кога печите торта - понекогаш рецептот не е успешен, или тортата не расте.

Бидејќи правењето компост е природен процес, не треба многу за да се утврди проблемот и да се преземат некои едноставни чекори за тој да се реши.

Подолу се наведени некои вобичаени проблеми во врска со правење компост и како тие можат да се решат:

## Добро е за природната околина!

За нашата природна околина може многу да значи ако отпадоците од храна и од градина ги користите за правење компост, со тоа што -

- ќе фрлате помалку отпадоци
- ќе користите помалку вештачко ѓубре
- ќе го подобри квалитетот на почвата во вашата област
- ќе создадете поприродно, поздраво (и посреќно) место за живеење.



## Смрдлив компост?

Вашиот компост може да почне да мириса ако премногу се наводени или ако во купчето нема доволно воздух. Често, причината е што се ставаат премногу отпадоци од храна и што не се ставаат доволно суви состојки.

### Решете го проблемот!

Ставете суви лисја или градинарска прекривка. Купчето исто така ќе се 'заслади' ако му додадете вар од градината, доломит или пепел од оган со дрва (варта ја намалува киселоста што ја предизвикуваат материјали кои се претерано богати со азот).



Превртете го компостот за да може да влегува повеќе воздух.

Измешајте состојки богати со азот со струганици или ситно исецкан весник пред да ги додадете во купчето.

На купчето компост направете му 'под' од штици/талпи за да овозможите добро да се исцедува.

## Имате несакани гости?

Мравките, лебарките, глувците или стаорците понекогаш може да се населат во вашиот компост.

Не очајувајте, во вашето купче компост има милиони пријателски расположени суштества и можете да се ослободите од несаканите на некои едноставни начини.



### Решете го проблемот!

во купчето секогаш да биде покриена со слој од материи - после тоа покријте го купчето со подметка, платно од јута или со пластичен чаршав. Со превртување на купчето ги бркате мравките и лебарките. Ако ставите ситна жица под кантата за компост или купчето, ќе спречите да влегуваат глувци и стаорци. Избегнувајте да ставате млечни производи, месо и морска храна во компостот.





## Компостот се прави бавно?

Ако вашиот систем за правење компост не ја задоволува потребата, постојат начини на кои може да се направи одличен компост побрзо. Ако системот за правење компост е бавен, тоа може да значи дека компостот не е доволно топол, или дека можеби нема доволно вода или воздух.

### Решете го проблемот!

Со додавање на материјал кој е богат со азот, на пример, остатоци од природна храна или зелени природни отпадоци од градината, ќе се забрза процесот на правење компост. Превртете го купчето и додадете вода. Во зима, ако биде премногу студено, покријте го компостот со материјал за изолација.

Постојат многу добри публикации за компостирањето. Побарајте ги во локалната библиотека или телефонирајте во Department of Environment and Conservation (NSW) (Оддел за еколошки работи и заштита на природната средина (Нов Јужен Велс)) на 131 555

## Дали знаевте?

Околу **половина** од работите што ги фрламе во кантата за ѓубре се отпадоци од храна и градина!

Кога тие ќе се измешаат со преостанатото ѓубре, се губи потенцијалот на овие природни материјали - тие обично се фрлаат на депонија каде што придонесуваат во создавањето на еколошките проблеми, на пример, ефектот на стаклена бавча и загадување на водата.

Во некои месни општини може да се најдат канти за правење компост и фарми на црви.

Department of
Environment and Conservation (NSW)
www.environment.nsw.gov.au

our environment it's a living thing

ISBN 1 74137 627 0 2006/240 Отпечатено на рециклирана хартија